# Извадок на дел од дневни настани 01.12.2021

На 30.12.2021 во 21.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.Б.(26) од Скопје. За него била издадена судска наредба со која се барал за издржување казна затвор од една година и 10 месеци. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 30.11.2021 околу 14.10 часот полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 35-годишниот тетовец Ф.И., кај кого при претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, бил пронајден пиштол „цз м 57" калибар 7, 62 милиметри, две рамки, 10 куршуми од истиот калибар и футрола, а кои ги поседувал без дозвола. Тој е задржан во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 30.11.2021 во 16.30 часот полициски службеници од Оперативен тим потраги - Скопје, на место викано „Горно село", општина Богданци, го лишиле од слобода Н.А.(24) од Валандово. За него била распишана потерница за доиздржување на затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор Гевгелија. Лицето ќе биде спроведено во установата за доиздржување на казната.

На 30.11.2021 околу 07.40 часот, на ул.„Панче Поповски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 27-годишниот гостиварец Г.Д., затоа што при негов и преглед на возило „јагуар", со скопски регистарски ознаки, кое тој го управувал, му бил пронајден кокаин. По расчистување и документирање на случајот против него ќе следува поднесок по член 215 од Кривичниот законик.

На 30.11.2021 во 13.30 часот на Граничниот премин „Ќафасан", при влез во државата, од полициски службеници бил лишен од слобода Т.О.(33) од Албанија, поради тоа што од извршените гранични проверки било констатирано дека се наоѓа на стоп-листата од со мерка „апси" на барање на Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

На 30.11.2021 година во 19.30 полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога и опасни материи и СВР Куманово, го лишиле од слобода А.М.(41) од Куманово. При контрола, кај него биле пронајдени и одземени пиштол „взор" и рамка за пиштол со седум куршуми. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.12.2021 во 00.30 часот на подрачјето на Карпош полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Н.(18) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.11.2021 на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на брзината со која се движат возилата надвор од населено место, а во која биле откриени и санкционирани вкупно 46 пречекорувања на максимално дозволената брзина (ТЕ-30 и ГВ-16). Притоа, 36 од нив (ТЕ-20 и ГВ-16) биле возила кои превезувале патници и товар (автобуси и товарни возила). При контролата, исто така, санкционирани се и 7 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-5 и ГВ-2 ).

На 30.11.2021 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 23 прекршоци, од кои 19 надвор од населено место и 4 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, била спроведена и акциска контрола на возачи за непрописно престигнување. Притоа, биле откриени 10 прекршоци и на сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 15 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 2 за технички неисправно возило, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за недавање првенство на пешаци и 1 за некористење сигурносен појас.

На 30.11.2021 во периодот од 14.00 до 18.00 часот на територијата на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управувале возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа биле санкционирани 26 возачи, од кои 14 на подрачје на Струмица, 10 на подрачје на Радовиш и по 1 во Гевгелија и Валандово. Притоа, 17 од санкционираните возачи ја пречекориле брзината надвор од населено место, а 9 во населено место.

За сторените прекршоци возачите биле соодветно санкционирани.

На 30.11.2021 во 10.00 часот на ул.„Благој Ѓорев", пред трговски центар во Велес, патничко возило „хјундаи", со велешки регистарски ознаки, управувано од Т.М.(27) од Велес удрило во пешак З.К.(78) од Велес. Во несреќата З.К. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Велес. Извршен е увид на местото на несреќата.

На 30.11.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 17 мерки, од кои за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место 3, додека 14 мерки се преземни против возачи кои ја пречекориле брзината надвор од населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 30.11.2021 во СВР Битола било пријавено дека на патот А-3 Битола-Ресен, пред место викано „Ротинска крстосница", товарно возило „мерцедес спринтер", со охридски регистарски ознаки, управувано од Б.Т.(58) од с.Загорчани, струшко, удрило во метална заштитна ограда. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничка болница Битола. Увидот го извршила увидната екипа на СВР Битола.

На 30.11.2021 во 21.00 часот на Граничниот премин „Деве Баир", на излез од државата, бил лишен од слобода Д.Л.(30) од Р.Турција, кој управувал товарно возило „рено", со турски национални ознаки. При извршена проверка тој на увид доставил меѓународна зелена карта за осигурување издадена од Р.Турција, за која постои сомнение дека е фалсификувана. Д.Л. бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 30.11.2021 во 18.20 часот во Полициската станица Центар Г.Н.(25) од Гевгелија пријавил дека на ул.„Петричка" бил каснат од куче скитник.

На 30.11.2021 во 14.15 часот во Полициската станица Чаир од С.О.С Детско село било пријавено дека во установата бил вратен нивниот штитеник И.П.(16), кој на 29.11.2021 беше пријавен дека се оддалечил од домот.

На 30.11.2021 во 14.00 часот во Полициската станица Гази Баба од Меѓуопштински центар за социјална работа било пријавено дека била пронајдена А.А.(17), за која на 29.11.2021 беше пријавено дека се оддалечила од домот.

На 30.11.2021 во 23.30 часот во СВР Скопје 23-годишна жителка на Скопје пријавила дека на 25.11.2021 и на 30.11.2021 околу 16.30 часот во с.Волково, скопско, по претходна расправија, била физички нападната од Ф.Ј.(28), со кого била во љубовна врска и ѝ биле упатени закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.11.2021 во 14.25 часот на ул.„Тризла" во Прилеп од полициски службеници од ОВР Прилеп лишени се од слобода А.С.(43), Н.Е.(33) и Д.М.(33), сите од Прилеп, бидејќи физички го нападнале А.К.(37) од Прилеп, додека извршувал работни задачи. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.11.2021 во 19.30 часот во СВР Скопје Н.Р.(31) од Скопје пријавил дека околу 14.30 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар, каде бил паркиран со патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, бил удрен од патничко возило „фолксваген пасат", со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Ш., со кого се познавал од претходно. Според пријавеното, подоцна бил и нападнат со дрвени предмети од две лица кои биле во возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против лицето З.Д.(41) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 05.03.2020 од полициски службеници бил извршен претрес во дом и помошни простории на пријавениот, при што биле пронајдени марихуана и мешавина од марихуана со тутун.

На 30.11.2021 околу 21.30 часот во СВР Скопје, Г.Д.(49) од Скопје пријавил дека неговиот малолетен син, додека се возел во автобус на ЈСП на релација од Центар кон населба Чаир, бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.11.2021 во 15.00 часот во Полициската станица Чаир од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека Б.П.(15) самоволно се оддалечил од домот во Визбегово. Тој и претходно во повеќе наврати се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 30.11.2021 во 22.45 часот М.М.М.(28) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 30.11.2021 во 19.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Р.Д.(39) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка Ѓ.Д.(16). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет